Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr. 26-420/3
07 APR 2026 20___ год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став 1 алинеа 7 и член 14 став 12 од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25 )и Предлогот доставен од членот известител **проф. д-р Михајло Марковиќ** бр.26-358/2 од 31.03.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 02.04.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Информатика за I (прва) година во средно гимназиско образование

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Информатика за I (прва) година со средно гимназиско образование со шифра В3 од Друштво за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје од авторот: Тодор Димов.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 29.10.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во гимназиско образование бр.26-1122/1 од 09.10.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка службаво рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-1122/7 од 16.12.2025 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-74/1 од 17.12.2025 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-1122/14 од 17.12.2025 година и допис бр.32-75/1 од 17.12.2025 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-1122/15 од 17.12.2025 година за доставување на шифрираните ракописи со шифра 1А, шифра 2Б, шифра, 3В и 4Г до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошка служба со допис бр.26-1122/16 од 17.12.2025 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-1664/3 од 30.12.2025 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-1122/18 од 31.12.2025 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра 1А, шифра 2Б, шифра 3В и шифра 4Г по наставниот предмет **Информатика за I (прва) средно гимназиско образование**. Во мислењето е наведено дека ракописите за учебник со шифра 1А шифра 2Б И 4Г не ги задоволуваат барањата за усогласеност со донесената наставна програма поради што согласно член 14 став 8 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) постапката се прекинува.

За ракописот за учебник со шифра 3В се дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 30.01.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-181/1 од 11.02.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебници по наставниот предмет **Информатика за I (прва) средно гимназиско образование.**

На ден 27.02.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила Стручно мислење бр.26-267/1 дека ракописот со шифра 3В е усогласен со наставната програма по Информатика I година гимназиско образование, содржински и методички соодветен, јазично разбирлив и функционален за наставна примена и затоа комисијата дава позитивно мислење.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став 1 алинеа 4 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 11.03.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-358/1 од 23.03.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-358/2 од 31.03.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник со шифра 3В по наставниот предмет **Информатика за I (прва) средно гимназиско образование**, кој има позитивно мислење од БРО и позитивно мислење од Рецезентската комисија да се одобри и истиот да биде пуштен во понатамошна процедура што ќе заврши со негово печатење и употреба во образовниот процес

Педагошката служба со допис бр.26-420/1 од 07.04.2026 година се обрати до Комисисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1122/1 од 09.10.2025 со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-53/1 од 07.04.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-420/2 од 07.04.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-73/1 од 17.12.2025 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараа се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-73/1 од 17.12.2025 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-420/3 од 07.04.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Информатика за I (прва) средно гимназиско образование** од страна на Националната комисија за

учебници за основно и средно образование донесен е заклучок и предлог да биде одобрен ракописот за учебник со шифра 3В.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-73/1 од 17.12.2025 година на интернет страницата за дел од шифрите констатирано дека:

За ракописот за учебник **со шифра 1А** се јавува Друштво за трговија ЕКСПРЕС БУК ЕЛТ ДООЕЛ Скопје од авторот: Данијела Ѓорѓевиќ.

За ракописот за учебник **со шифра 2Б** се јавува ЛИТЕРА ГРОУП ДООЕЛ Скопје-Центар со авторот: проф. д-р Мајлинда Фетаји.

За ракописот за учебник **со шифра 3В** се јавува Друштво за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје со авторот: Тодор Димов.

За ракописот за учебник **со шифра 4Г** се јавува Друштво за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје со авторот: Надица Пиперевска-Цветковска.

На седницата одржана на 02.04.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски број бр.26-358/2 од 31.03.2026 година на Националната комисија за учебниции предложи ракописот за учебник по наставниот предмет **Информатика за I (прва) средно гимназиско образование**, **со шифра 3В** да биде одобрен и продолжи во понатамошна постапка.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 02.04.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф. д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.04.07 10:50:56 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи